Врз основа на член 41 од Статутот на Македонска берза АД Скопје и врз основа на член 61 став 3 од Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје, Одборот на директори на Берзата на својата XXI седница одржана на 12.02.2010 година донесе

**ОДЛУКА**
**за определување на начинот на доставување на документација за ревидирање, временските рамки за ревидирањето и времето за прифаќање на барањето за ревидирање на склучена трансакција со хартии од вредност**

1. Барањето за ревидирање на склучена трансакција што членката го доставува до Македонска Берза АД Скопје може да се поднесе до Берзата најдоцна до 15:30 часот еден ден пред денот на порамнување на трансакцијата.

2. Барањето за ревидирање на трансакцијата до Берзата, на денот на склучување на трансакцијата се поднесува по електронски пат согласно апликативните решенија на системот за тргување на Берзата, а доколку се поднесува еден ден или два дена после денот на склучување на трансакцијата, барањето се поднесува по писмен пат.

3. Освен барањето за ревидирање на трансакцијата, членката е должна до Берзата да ја достави документацијата наведена во член 61 од Правилата за тргување, врз основа на која се докажува грешката направена при склучување на трансакцијата чие ревидирање се бара.

4. Одлуката да се достави до Комисијата за хартии од вредност, членките и архивата на Берзата.

**5.** Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе почне да се применува со денот на отпочнување на примената на Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје за кои е добиена согласност од Комисијата за хартии од вредност со Решение бр.УП1 08-5 од 07.12.2009 година.

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Кристијан Поленак**